Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-282/3
30.06. 2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната четврта вонредна седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 20.06.2025 година, со почеток во 15.30 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода- град што ја зафати општина Градско на 06 Јуни 2025 година.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 8 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ. Отсутен беше советникот Даниел Мирчов.

Мирјана Ѓорѓиева- четвртата вонредна седница ја свикувам со единствена точка на дневен ред во врска со настанатата штета од атмосферска непогода-град што ја зафати територијата на општина Градско на 06 Јуни 2025 година. Ние како совет треба да донесиме Одлука за итно постапување врз основа на која Градоначалникот формира комисија за процена на штети и објавува Јавен повик за пријавување на штети настанати од атмосферска непогода- град што ја зафати општина Градско на 06 Јуни 2025 година.

<u>ЗАКЛУЧОК</u>: Советниците едногласно со 8 глас ЗА одлучија да се донесе Одлука за итно постапување поради поради настанатата штета од атмосферска непогода- град што ја зафати општина Градско на 06 Јуни 2025 година, односно Градоначалникот да формира комисија за процена на штети и да објави Јавен повик за пријавување на штети настанати од атмосферска непогода- град што ја зафати општина Градско на 06 Јуни 2025 година.

Откако беше завршена расправата, претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори четвртата вонредна седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО